42



# ТРИ ГОДИШНИ РЕЗУЛТАТИ ОД НАШЕТО ИСКУСТВО ВО ДИЈАГНОЗАТА И МЕНАЏИРАЊЕТО НА ХЕМОРОИДАЛНАТА БОЛЕСТ

**В. Андреевски**[1], Н. Јоксимовиќ[1], Р. Попова[1], Б. Тодоровска[1], Ф. Личоска Јосифовиќ[1], В. Аврамовски[1], А. Хасани[1], А. Караџова Џамбаз[1], Г. Јаневски[1], Д. Ристова[1], А. Џем[1], Г. Крстевски[1], С. Пејковски[1], В. Јоксимовиќ[2], Ѓ. Јота[2]

[1]Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија, Медицински факултет, Скопје, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Северна Македонија

[2]Универзитетска клиника за дигестивна хирургија, Медицински факултет, Скопје, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Северна Македонија

**ВОВЕД:** Хемороидите се едно од најчестите аноректални заболувања и најчестите здравствени проблеми кои се среќаваат во индустријализираниот свет. Тие се делат во две категории, внатрешни и надворешни. Преваленцата кај општата популација е веројатно многу повисока отколку што се регистрира во клиничката пракса бидејќи поголемиот дел од пациентите (пт) со симптоми кои се однесуваат на аноректаланта регија не бараат лекарска помош на време.

**ЦЕЛИ:** Целта на оваа студија е да го утврди нашето искуство во дијагностичката обработка и лекувањето на пациентите со хемороиди. Особено се фокусиравме на подгрупата на пациенти со внатрешни хемороиди (ВХ) третирани со помош на техниката на лигација (ТЛ) и конзервативни мерки.

**МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ:** Во текот на периодот од 2016-2018 година, анализирани се 3160 амбулантски колоноскопии, 4300 дистални колоноскопии и 732 аноскопии. Дополнителни податоци беа собрани од националниот регистар „Мој термин", во делот кој се однесува на нашата институција во истиот период. Во рамки на базата на податоци за ендоскопски наоди, посебно се фокусиравме на пациенти со ВХ третирани со ТЛ во период од три години за да ги утврдиме појавата на компликации од истата и нејзината безбедност и ефикасност. Во период по третманот, пациентите беа следени три месеци по што беше правена контролна аноскопија со повторен увид со цел да се процени ефикасноста. Присуството на перзистентни симптоми и локалниот наод на крвавечки ВХ се сметаше за неуспех на терапијата.

**РЕЗУЛТАТИ:** Три илјади четиристотини и четириесет и четири пациенти кои биле подложени на ендоскопска евалуација (средна возраст 52,9 ± 9,3 години) имале хемороидална болест. Во поглед на половата дистрибуцијаа, доминираше машкиот пол со 54% (1868). Поголем дел од

ПОСТЕР СЕСИЈА